Interreg - IPA CBC
Greece - Republic of North Macedonia
G.EM.S

*The project is co funded by the EuropeanUnion and national funds of the participating countries*

BAS PROFESSIONAL STUDIES IN MANAGEMENT

# БИЗНИС ПЛАНИРАЊЕ | Назив на идеја: Органски производи од мед и јаболка Име и презиме Викторија Србиноска, Натали Шикалевска

| | |
|---|---|
| **Основни податоци за бизнисот:**<br>Вид на бизнисот (малопродажба/угостителска/производство…):<br>Форма на бизнисот (онлајн/реален/социјално претприемаштво):<br>Дејност на бизнисот (производствена/услужна): | Бизнисот се занимава со одгледување на органски мед и органски јаболка. При самото одгледување на јаболката, околу нив има пчеларници, кои освен што произведуваат мед ги опрашуваат и јаболката. Со ова добиваме два различни органски продукти - мед и јаболка. Со ваквото одгледување ние добиваме широк асортиман на производи, но најпрво би започнале со пита од јаболка, кашички за деца и капки од прополис. При ваквото одгледување користиме фотоволтаични панели што го прави нашиот бизнис дополнително зелен.<br>Бизнисот е реален, додека дејноста е производствена. |
| **Понуда на вредност/и:**<br>A // Каков **проблем**/**потреба** се обидуваме да им решиме или надминеме на клиентите?<br>B // Која или каква **вредност** му нудиме на нашиот клиент?<br>C // Што е тоа што го **издвојува вашиот бизнис од останатите**? (USP) | А) Да им понудиме здраво овошје (јаболка) кое е одгледувано органски, без штетни материи и прскање. Да им понудиме природен мед и лековит прополис како и здрав десерт - пита од јаболка. За најмалите ја нудиме најздравата кашичка на пазарот која секој родител би ја посакал за своето дете, а знаеме дека родителите го сакаат најдоброто за своите деца.<br>B) Квалитет, здравје, одличен вкус, природни производи.<br>C) Секој производ е 100% природен, одгледуваме органски и не користиме штетни материи за околината. |
| **Сегмент на клиенти/корисници:**<br>A // За **кого** креираме вредност?<br>B // Кој е нашиот најважен **клиент/корисник**? | А) Родители, деца, луѓе кои се хранат здраво и се занимаваат со спорт, фитнес и слично.<br>B) Најважни потрошувачи ни се родителите кои одлучиле да водат здрав начин на живот за себе и за своите деца. |
| Возраст | 25-40 години |
| Пол | Машки и женски |
| Приход | Над 25.000 месечен приход |
| Професија | Спортисти, фитнес тренери |
| Образование | Високо образование |
| Локација | Пелагонија |
| Хоби | Спортување, фитнес, готвење здрава храна, пешачење, трчање.. |